Неформален изложбен простор

Адреса: ул. Македонија, влез 6/0

За каталогот:

Издавач: Уметничка група „SEE"

март 2017, Скопје

Текст: Горанчо Ѓеорѓиевски

Превод: Весна Крупник- Кеј

Дизајн: Михаела Јовановска

Дизајн на лого: Димче Димески

Фотографија: Марина Аврамовиќ

Печат: Винсент Графика, Скопје

www.artgroupsee.org

artgroupsee@yahoo.com

Репрезентативно видео:

Вероника Камчевска,

Марина Аврамовиќ,

Горан Москов.

Реализатори на проектот:

Љупчо Иљовски, Перо Танчев,

Марија Бошкоска,

Дарко Комненовиќ,

Мирослав Талевски.

Уметничка група „SEE" им благодари на:

Димче Димески, Доротеј Нешовски, Дарко Вучиќ,

Константин Катлановски,

Никола Дамјановски,

Моника Малинова,

Благоја Киријански,

Слободан Талевски,

Ангел Георѓиев, Боро Матески,

Жарко Комненовиќ,

Светлана Иљовска

Куќниот совет на зградата во влез 6 на ул. Македонија.

Informal exhibition space

Address: st. Macedonia, Entry 6/0

For the catalog:

Publisher: Art group "DZEE"

March 2017, Skopje

Text: Goranco Gjeorgjievski

Translation: Vesna Krupnik- Kej

Design: Michaela Jovanovska

Logo Design: Dimche Dimeski

Photo: Marina Avramovikj

Press: Vincent Graphics, Skopje

www.artgroupsee.org

artgroupsee@yahoo.com

Representative video:

Veronica Kamchevska,

Marina Avramovikj,

Goran Moskov.

Implementers of the project:

Ljupco Iljovski, Pero Tanchev

Maria Boshkoska,

Darko Komnenovikj,

Miroslav Talevski.

Art group "DZEE" is grateful to:

Dimche Dimeski

Dorotej Neshovski, Darko Vuchikj,

Konstantin Katlanovski,

Nikola Damjanovski,

Monica Malinova,

Blagoja Kirijanski,

Slobodan Talevski,

Angel Georgiev, Boro Mateski,

Zarko Komnenovikj,

Svetlana Iljovska,

Council house building entrance 6 Street Macedonia.

" SEE created and completed, continuosly ongoing relations has been established with the basic principles, in the intention to interpret the look of contemporary transhumanitarian "Future".

Art group «SEE»

„SEE" создаде и стори, континуирано воспоставена релација со основните начела, во намера да интерпретира поглед за современата трансхуманизирана "иднина".

Уметничка група „SEE"

Ø

Да се претстави делувањето на *SEE*, е прилично сложен потфат, но најблизок опис на оваа сложена когнитивна структура, што еманира од овој уметнички феномен е еден сосема отворен/затворен систем на комуникација и креација. Уметничката дружина *SEE* барајќи го визуелниот знак на епохата се впушта во потрага по нејзините доминантни визуелни белези, трансформирани во текстуални, ликовни, визуелни, звучни и документарни записи во своите дела со лични (индивидуално-колективни или колективно-индивидуални) реминисценции и емоционални емфази.

Ø е проект кој кореспондира со редукционистичките потреби на перманентната криза во општеството, уметноста и стратегиите на глобалната визуелна комуникација. Главната концепција на овој проект е во неговата потреба да се спротистави на општествените случувања и ликовните уметности и да одговори на овој предизвик со конструкција на дело-систем кое нема да престане да постои по својата реализација и краткотрајната "сензационалистичка" презентација.

Интегралистичкиот проект во кој членовите на групата *SEE* реализираат динамично уметничко дело кое во својата егзистенција и гностичка структурологија содржи многу референци на современата дискурзивност, но и отвора низа прашања поврзани со состојбите во општества и уметноста во условите на современите предизвици на глобален план. Визуелната претстава (со асоцијативни белези) е своевиден симулакрум на мисловниот контекст и концепт произлезен од "лабораторијата" на *SEE*.

Делото се движи по одредена траекторија во согласност со волјата на вишите чинители на синхроницитетот во чиј епицентар е големото непостоење или нулата -"0". *Секој природен број помножен со нула дава нула*. Следствено, можеби овде е потребна една тополошка дефиниција за нулата, се со цел да се истакне обемот на мултиплицитетот на активностите во проектот Ø и произлегува од други научни дисциплини за да се синхронизира основата на концептот и визуелниот елемент произлезен од неа.

Проектот Ø е создаден ex nihilo или од нула во ништо - круг. Она што не постои, не може да се уништи, без оглед на тоа, колку ние би се труделе да го деконструираме и да го снема. Но, тоа што веќе не постои, никако не може да исчезне.

Всушност се работи за депонии од превртена манипулативна искомерцијализирана цивилизациската свест која доживува егзистенцијален распад во таканаречениот период на неолиберализација во кој инерцијалните сили на ресентиманот и сензационализмот, се судираат со цел еден дијапазон на глобалистички стратегии и виртуелни системи. Следствено на ова се случува "експлозија" од когнитивни и естетски феномени што го образуваат гигантскиот мозаик на авантурата на пост-модернистичките теории и пракси, во нив самите и отаде нив. По се изгледа *SEE* го отфрлаат сето ова и тежнеат да „конструираат" тенденција која го допира новиот мета модернистички концепт или деконструктивизмот.

И токму тој чудесен хаос на овој мозаик од семантичко-миметички содржини на свесната егзистенција, трансформирани во естетски контексти и сублимирани до метафора на ништото-нулата, станува потенцијал за креативни конструкции кој го чини овој уметнички концепт на *SEE*. Станува збор за неочекувани интеракции на духовноста, од уметнички и философски, до мистичко-религиозни и идеолошки конотации, за "огромен", еластичен, имагинарен простор, кој може да проголта, ама буквално сè.

Тој уметнички концепт е всушност нашиот емпириски багаж кој како непрекината нула и круг го изодуваме по беспаќата на еден, веќе во голема мера артифициелен свет, збунет од својата непрегледна комплексност и излезен од зоните на контролата со својата непоимлива генеричност.

*Колектив 0* застапуван од Горанчо Ѓорѓиевски

Ø

To present the performances of SEE, is a fairly complex endeavour, but the closest description of the complicated cognitive structure which emanates from this artistic phenomenon is one completely open/closed system of communication and creation. The art association SEE searching for the visual sign of the epoch, inlets in search of its dominant visual marks, transformed into text, art, visual, sound and documentary records in their personal work (individual-collective or collective-individual) reminiscence and emotional emphasis of.

Ø is a project that corresponds with the reductionist needs of the permanent crisis in the society, art and the strategies of the global visual communication. The focal point of this project is in its need to oppose the social issues and arts, and to respond to this challenge as construction work on the system, which would not cease to exist after its implementation and the short-lived "sensational" presentation.

The integral project in which the members of the group realized SEE dynamic artwork which in its existence and gnostic structuralism contains many references to contemporary discursivity but opening series of questions related to the situation in society and art in terms of the contemporary challenges in the global plan. The visual display (the associative registers) is a kind of simulacrum of the thought context and concept arising from the laboratory of SEE. The act is moving determined by the trajectory in accordance with the will of the high factors of synchronicity in which the epicenter is the enormous non-existence or nil –"0". Each natural number multiplied by zero gives the zero. Consequently, maybe this will require topological definition of the nil, in order to highlight the scope of the multiplicity of the activities in the project Ø and arises from other scientific disciplines in order to synchronize the basis of the concept and the visual element emanating from it.

The project Ø has been created ex nihilo or from zero to out of nothing- round circle. They do not exist, cannot be destroyed, despite how many times we try to deconstruct and disappear. Thus it does not exist, could never disappear.

Actually, it is a matter for the landfills of reversed manipulative commercialized civil conscience which experience existential disintegration in the so called period of neoliberalism in which inertial forces of resentment and sensationalism, where whole range of global strategies and virtual systems collide. Consequently, this is happening at the "explosion" of cognitive and aesthetic phenomenon that constitutes the gigantic brain of the adventures of post-modernist theories and practices, in them themselves and since them. As it seems SEE reject all this and strive to "construct" a tendency which touches the new meta modernist concept or Deconstruction theory.

And precisely this chaos ripping on this mosaic of semantic-mimetic contents aware of the conscious existence, transformed into aesthetic contexts and sublimed to the metaphor of the nil-zero, becoming potential for creative design which makes this artistic conceptualization of SEE. Namely, an unexpected interactions on the spirituality of artistic and philosophical to the mystical-religious and ideological connotations, the "enormous", elastic, imaginary space, that can swallow, almost anything.

It is actually the artistic concept our empirical luggage, which, as uninterrupted zero and the circuit go after the no- way out, ever largely artificial world, confused of its vast complexity and hatch from the areas of control, with its inexplicable generics.

*Collective 0* represented by Gorancho Gjorgjievski

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.038(497.7)(06.064)

Ø : неформален изложбен простор, март 2017 / [текст Горанчо Ѓорѓиевски ; превод Весна Крупник - Кеј] : informal exhibition space, March 2017 / [text Goranco Gjeorgjievski ; translation Vesna Krupnik - Kay]. - Скопје : SEE здружение на граѓани за уметност и култура ; =Skopje : DZEE, 2017. - 1 превиткан лист [6] стр. ; 21 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-65666-1-6

а) Ликовни проекти - Македонија - Изложби

COBISS.MK-ID 103061258

Ticket: 50 denars

Влезница: 50 денари